РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 – 2468/1
20 -07- 2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 09-1522/1 од 14.05.2025 година оформен по пријава против лицето -----, претседател на УО на ЈЗУ -------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои го регулираат постапувањето во ситуација на постоење на судир на интерси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето на истата.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1522/1 од 14.05.2025 година е оформен по пријава од непознат подносител против службеното лице ---------, претседател на Управниот одбор на ЈЗУ --------.

Во пријавата се наведува дека службеното лице ------- и лицето ----- биле во интимна врска, постоело судир на интереси помеѓу лицата бидејќи се водела судска постапка и сето тоа влијаело врз донесување на одлуки на Управниот одбор на Клиниката. Во пријавата исто така е наведено дека лицето ---------- ја вршел функцијата член на Управниот одбор и дека истото лице било именувано со недоволно гласови за член на Управниот одбор.

Со цел проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија прибавуваше документација од ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести – Скопје, како и од лицето Оливера Јорданова, по што ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето ---- ја вршело функцијата член на Управниот одбор на ЈЗУ --------- од 07.02.2025 година, видно од Записникот од состанокот на Стручен колегиум на ЈЗУ ------ болести кој бил одржан на 07.02.2025 година. На истиот состанок биле присутни директорот на клиниката, главната сестра и раководителите на оддели на ЈЗУ клиника -------. Состанокот бил одржан поради истекување на мандатот на службеното лице ----- како член на Управниот одбор при ЈЗУ ------, а за нов член го предложиле лицето --------, по што од присутните членови била и лицето -----

- која исто така гласала за предложеното лице, само еден член бил против предлогот. На ден 07.02.2025 година лицето ------ било изгласано за член на Управниот одбор на ЈЗУ У ---------.
Службеното лице -------, претседател на УО на ЈЗУ Универзитетска клиника ------, достави Изјава заверена на нотар дека лицето --------- било нејзино блиско лице – вонбрачна заедница во смисла на член 8 став 4 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но повеќе не се блиски лица – вонбрачна заедница од јули 2024 година Во однос на наводите од пријавата, истата потврди дека биле започнати две судски постапки.
Согласно член 8 став 4 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено: „ Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес”.

Државната комисија утврди дека лицето ----- не било блиско лице на ------ во смисла на член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кога бил избран за внатрешен член на Управниот одбор при ЈЗУ Универзитетска ----, односно лицето било избрано на 07.02.2025 година период кога двете лица не биле во вонбрачна заедница.

Согласно се претходно наведено, Државната комисија констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат, лицето -------- не е блиско лице во смисла на член 8 став 4 од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси со лицето -------, по што не е настаната состојба на судир на интереси во конкретната ситуација согласно член 2 став 3 од истиот закон со кој е предвидено следното: ‘’ Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.
Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, по што одлучи како во диспозитивот.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател,**

**Аден Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М.– соработник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar